РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за заштита на личните податоци
СКОПЈЕ

| Примено | 29. 01. 2014 | | |
|---|---|---|---|
| Ог. Един | Број | Прилог | Вредност: |
| Уп1 07- | 173 | | |


У-5.бр.922/2012

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД 9 СКОПЈЕ

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Димитрула Апостоловска - претседател на советот, Ана Герасимовска и Бурим Сејдини - членови на советот, со записничар Ивана Смугреска Петрески - виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот банка АД Скопје, против решението на Дирекцијата за заштита на личните податоци Уп.1 број 07-173 од 23.05.2012 година, за повреда на правото за заштита на личните податоци, на седницата одржана на ден 24.10.2013 година, донесе

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот банка АД Скопје, изјавена против Решението на Дирекцијата за заштита на личните податоци Уп.1 број 07-173 од 23.05.2012 година СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение означено во изреката од пресудата се забранува тужителот да обработува лични податоци на клиентите преку скенирање на лични карти неправично и не во согласност со закон, кои се несоодветни и преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат (идентификување на клиентот) согласно член 5 став 1 алинеја 1 и 3 од Законот за заштита на лични податоци.

Незадоволен од решението на тужениот орган, тужителот поведе управен спор, со предлог да биде поништено поради погрешна примена на материјалното право и погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба.

Тужениот орган во одговор на тужбата остана на своите наводи во оспореното решение со предлог тужбата да биде одбиена како неоснована.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 37 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот најде:

Тужбата е неоснована.

Од списите на предметот произлегува дека по поднесена претставка по електронски пат до тужениот орган, дека се врши повреда на личните податоци, бил спроведен вонреден инспекциски надзор над законитоста на преземените активности при обработка на личните податоци. Имено во претставката било наведено дека од страна на службените лица во банка АД Скопје на клиентите им биле скенирани личните документи, бидејќи на тој начин би можело да дојде до злоупотреба на скенираните документи. Во текот на инспекцискиот надзор бил изготвен Записник Уп 1 бр.07-173 од 07.05.2012 година, во кој било констатирано дека банка АД Скопје за регистрирање на нови клиенти и ажурирање на податоците на постојните клиенти има изготвена Апликација /барање за регистрирање на клиент -физичко лице. Во апликацијата податоците кои не се задолжителни соодветно се означени со ѕвездички и истите клиентот може да одбере дали ќе ги пополни или не. При пополнување на апликацијата заради ажурирање на податоците, заради идентификување на клиентите заедно со пополнетата апликација на клиентите им се скенирала личната карта, иако во самиот образец од Апликацијата е наведено дека Банката задржува копија од документот со кој се идентификува клиентот во неговото досие. Тргнувајќи од начелата утврдени во Законот за заштита на лични податоци, при надзорот инспекторот утврдил дека тужителот обработува лични податоци на клиентите (скенирани лични карти) кои се несоодветни, преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат и кои се собираат не правично и не во согласност со закон.

Како резултат на извршениот надзор и изготвен записник, од страна на Дирекцијата за заштита на лични податоци, било донесено решение Уп.1 број 07-173 од 23.05.2012 година, со кое се забранува тужителот да обработува лични податоци на клиентите преку скенирање на лични карти неправично и не во согласност со закон, кои се несоодветни и преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат (идентификување на клиентот) согласно член 5 став 1 алинеја 1 и 3 од Законот за заштита на лични податоци.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, Судот наоѓа дека тужениот орган со истото не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 1 од Закон за заштита на лични податоци („Службен весник на РМ“ бр.07/2005...103/2008), се уредува заштитата на личните податоци како основни слободи и права на граѓаните, а особено правата на приватност во врска со обработка на лични податоци.

Согласно член 2 став 1 точка 1 од горенаведениот закон, "личен податок" е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на единствен матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, ментален, економски, културен или социјален идентитет,

додека според точката 4 од истиот став "субјект на лични податоци" е секое физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци. Согласно точка 8 од цитираниот член, "корисник" е физичко или правно лице, државен орган или друго тело на кое му се откриваат податоците, заради извршување на редовни работи во согласност со закон.

ЦИКА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД 9 СКОПЈЕ

Согласно член 5 став 1алинеа 1 и 3 од истиот закон, личните податоци можат да се обработуваат правично и во согласност со закон; да се соодветни релевантни и непреобемни во однос на целите закон кои се собираат и обработуваат;

Согласно член 6 став 1 од горенаведениот закон, обработка на лични податоци може да се врши само по претходно добиена писмена согласност на субјектот на лични податоци.

Согласно член 10 став 1 од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам(Сл. Весник на РМ бр.4/2008...35/2011), кога клиентот е физичко лице се идентификува и се потврдува неговиот идентитет со поднесување на оригинален и важечки документ, лична карта или пасош или копија од лична карта или пасош заверена кај нотар. Согласно став 10 од истиот член, од документите од ставовите (1), (2), (5), (7), (8) и (9) на овој член субјектите задолжително задржуваат копија.

Предвид напред наведеното и цитираните законски одредби, Судот оцени дека тужениот орган правилно постапил при донесувањето на оспореното решение и со истото не е повреден законот на штета на тужителот. Имено, неспорно од законските одредби произлегува дека при идентификување на клиентот , идентитетот се докажува со оригинал личен документ, и дека истиот задолжително се задржува како копија додека оригиналот се враќа на клиентот. Во оваа насока е и одредбата од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам. Ова дотолку повеќе што од увидот во Апликација/ барање за регистрирање на клиент - физичко лице, се констатира дека Банката задржува копија од документот со кој се идентификува клиентот, во неговото досие.

При одлучувањето, Судот ги ценеше наводите на тужителот дадени во тужбата, дека законодавецот не направил разграничување односно не дал посебно утврдување на поимот „копија", дали се мисли на рачна обработка на личниот документ или електронско обработување односно скенирање. Исто така, тужителот во тужбата навел дека основот врз основа на кој Банката задржува копија од документот е токму Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам. Судот ги ценеше наводите на тужителот но во истите не најде основа за поинакво одлучување, од причини што во законските одредби никаде не е наведено дека Банката задржува скениран документ, туку се наведува рачно обработување на податоци, или копирање, кое спрема Судот не е исто што и скенирање на документот.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, судот смета дека оспореното решение е законито, односно тужениот орган при водењето на управната постапка правилно ја утврдил фактичката состојба и го применил материјалното право, со што во законски водена постапка донел правилна одлука.

Со оглед на горе изнесеното, судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39 -а од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 24.10.2013 година, под У-5.бр.922/2012.

Записничар - виш судски соработник
Ивана Смугреска Петрески с.р.

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска с.р.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот преку овој суд до Вишиот управен суд.

ИК/

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
9
СКОПЈЕ

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА